Да се даде во закуп недвижната ствар на кп.бр.2699 м.в. Село с.Марена КО Марена запишана на Имотен лист број 1556 издаден од Агенција за катастар на недвижности бр.1105-4045/2024 од 27.03.2024 година, по пат на електронско јавно наддавање согласно одредбите од Законот за користење и

располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16, бр.21/18, бр.101/19 и Сл. весник на РСМ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и тоа:

- Зграда број 1, намена на зграда В4–8, влез 1, кат- приземје, намена на посебен дел од зграда - ДП со вкупна внатрешна површина од 34 м2.

**Член 2**

Проценетата вредност на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука е утврдена согласно Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот изработен од Друштво за проценка и консултанстски услуги “ПРИМА ТИМ” ДОО Охрид, со деловоден бр.02-106/4 од 19.04.2024 година и истата е во износ од 549.810,00 денари.

Висината на почетната месечна закупнина изнесува 2.749,00 денари.

Износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 10.996,00 денари.

**Член 3**

Објавата за издавање во закуп на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следните податоци:

- недвижните ствари кои се предмет на закуп (површина и број на катастарска парцела каде се наоѓа, катастарска општина и број на имотен лист, број на зграда, намена на зграда, број на влез, број на посебен дел од зграда);
- урбанистичко - планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар која е предмет на закуп;
- почетната цена за недвижната ствар која е предмет на закуп;
- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;
- време на започнување на јавното наддавање;
- услови за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица;
- услови за учество на јавно наддавање за домашни физички и правни лица;
- банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар;
- обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари;
- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно наддавање, потребен број на учесници согласно закон, дефинирање на почетокот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор) и
- интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање.

**Член 4**

Недвижната ствар од член 1 на оваа Одлука се дава во закуп за период од 5 години.

**Член 5**

Закупецот недвижната ствар од член 1 на оваа одлука не може да ја дава во подзакуп.

**Член 6**

Со најповолниот понудувач во постапката на електронското јавно наддавање Градоначалникот склучува Договор заверен кај нотар

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3324/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање во закуп на недвижни ствари на КП.бр.965/1 КО Конопиште во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање во закуп на недвижни ствари на КП.бр.965/1 КО Конопиште во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,

**Бр.09-3471/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 3, 4, 37, 38 и 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ" бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16, бр.21/18, бр.101/19, и „Сл. весник на РСМ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 42-та седница, одржана на ден 27.05.2024година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање во закуп на недвижни ствари на КП.бр.965/1 КО Конопиште во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Да се дадат во закуп недвижните ствари на кп.бр.965/1 м.в. Михајлово КО Конопиште запишани на Имотен лист број 417 издаден од Агенција за катастар на недвижности бр.1105-4082/2024 од 28.03.2024 година, по пат на електронско јавно наддавање согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16, бр.21/18, бр.101/19 и Сл. весник на РСМ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и тоа:

- Зграда број 1, намена на зграда – В4-10 (други државни органи), влез 1, кат ПО, број 1, со вкупна внатрешна површина од 246 м2;
- Зграда број 1, намена на зграда – В4-10 (други државни органи), влез 1, кат ПО, број 1, со вкупна внатрешна површина од 10 м2;
- Зграда број 1, намена на зграда – В4-10 (други државни органи), влез 1, кат ПР, број 1, со вкупна внатрешна површина од 30 м2;
- Зграда број 1, намена на зграда – В4-10 (други државни органи), влез 1, кат ПР, број 1, со вкупна внатрешна површина од 398 м2;
- Зграда број 1, намена на зграда – В4-10 (други државни органи), влез 1, кат ПР, број 1, со вкупна внатрешна површина од 11 м2,

или вкупна внатрешна површина од 695 м2.

**Член 2**

Проценетата вредност на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука е утврдена согласно Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот изработен од Друштво за проценка и консултантски услуги “ПРИМА ТИМ” ДОО Охрид, со деловоден бр.02-106/2 од 19.04.2024 година и истата е во износ од 2.978.445,00 денари.

Висината на почетната месечна закупнина изнесува 14.892,00 денари.

Износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 59.569,00 денари.

**Член 3**

Објавата за издавање во закуп на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следните податоци:

- недвижните ствари кои се предмет на закуп (површина и број на катастарска парцела каде се наоѓа, кататстарска општина и број на имотен лист, број на зграда, намена на зграда, број на влез, број на посебен дел од зграда);
- урбанистичко - планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар која е предмет на закуп;
- почетната цена за недвижната ствар која е предмет на закуп;
- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;
- време на започнување на јавното наддавање;
- услови за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица;

- услови за учество на јавно наддавање за домашни физички и правни лица;

-банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар;

- обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари;

- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно наддавање, потребен број на учесници согласно закон, дефинирање на почетокот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор) и

- интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање.

**Член 4**

Урбанистичко –планска документација за земјиштето на кое се наоѓаат недвижните ствари од член 1 од оваа одлуката нема.

**Член 5**

Недвижните ствари од член 1 на оваа Одлука се даваат во закуп за период од 99 години.

**Член 6**

Закупецот недвижната ствар од член 1 на оваа одлука не може да ја дава во подзакуп.

**Член 7**

Со најповолниот понудувач во постапката на електронското јавно наддавање Градоначалникот склучува Договор заверен кај нотар.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3324/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.101/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.101/23 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-3471/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 42-та седница, одржана на ден 27.05.2024година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.101/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.101/23, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.101/23 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште дел од кп.бр.2350 м.в ,,Село’’ култура 11000 со новоформирана кп.бр.2350/2 во површина од 305 м2, со право на сосопственост од по ½ на Јовановиќ Кети од Ниш ул.„Штросмаерова“бр.7 и ½ на Крстевска Александра од Кавадарци ул.„Киро Спанџов“бр.85 по Имотен лист бр.498 КО Марена издаден од Агенцијата за катастар на недвижности со деловоден број 1105-19619/2021 од 22.11.2021 година, согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-59 од 31.05.2023 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради градење на објект за општа употреба –за дел од новопланирана улица ,,8“ и пристапна патека ,,13“ предвидени со УП за село Марена, Општина Кавадарци

2014-2024 година, согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за реализација на урбанистички план нумерички податоци во КО Марена со деловоден број 0801/189/2021 од 23.11.2021 година изработен од „ГЕОДАТА ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Кавадарци.
2.Странките на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да им исплати на противниците износ од 738 ден./м2 односно за вкупна површина од 305 м2 надоместок во вкупен износ од 225.090,00 денари согласно нивните сосопственички делови и тоа по 112.545,00 денари за секој од противниците, како и трошоци на постапката во износ од 49.140,00 ден, денари согласно доставен трошковник.

3. Противниците се согласен надоместокот во вкупен износ од 225.090,00 денари предлагачот - општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати најдоцна во рок од 6 (шест) месеци од денот на потпишувањето на Судската Спогодба на трансакциска сметка на противниците а процесните трошоци во износ од 49.140,00 денари предлагачот Општина Кавадарци - Локална самоуправа да ги плати во истиот рок, на жиро сметка на полномошникот на противниците.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.101/23.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.101/23 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кавадарци"

**Бр.08-3324/ 12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.45/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.45/24 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-3471/13**
**29.05.2024 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 42-та седница, одржана на ден 27.05.2024година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.45/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.45/24, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.45/24 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште дел од кп.бр.7473/6 м.в.,,Глувчовец’’ култура нива со новоформираната кп бр.7473/10 во површина од 224 м2 со право на сосопственост и тоа од по ½ на Борче Марковачев од Кавадарци со адреса на живеење на ул.,,Илинденска’’ бр.119/2/5, и ½ на Илија Марковачев од Кавадарци со адреса на живеење на ул.,,Булевар

Македонија’’ бр.34/22 по имотен лист бр.3505 КО Кавадарци вон град издаден од Агенцијата за катастар на недвижности со деловоден број 1105-9500/2023 од 10.08.2023 година согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-31 од 09.01.2024 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради градење на објект за општа употреба – дел од улица ,,Григори Хаџи Јорданов“ предвидена со ДУП за ,,Коњски дупки“ 2000-2005 согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци за реализација на урбанистички план нумерички податоци во КО Кавадарци вон град со деловоден број 0801-125/2022 од 06.07.2022 година изработен од ДГРИ„ГЕОДАТА ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ Кавадарци.

2.Страните на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да им исплати на противниците Борче Марковачев од Кавадарци со адреса на живеење на ул.,,Илинденска’’ бр.119/2/5 и Илија Марковачев од Кавадарци со адреса на живеење на ул.,,Булевар Македонија’’ бр.34/22, износ од по 1.230 ден./м2 односно за 224 м2 надоместок во вкупен износ од 275.520,00 или за секој противник од по 137.760,00 денари и трошоци на постапката во износ од 32.760.00 денари согласно доставен трошковник.

3. Противниците се согласни надоместокот во вкупен износ од 275.520,00 денари предлагачот - општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати најдоцна во рок од 6 (шест) месеци од денот на потпишувањето на Судската Спогодба на трансакциска сметка на противниците а процесните трошоци во износ од 32.760,00 денари предлагачот Општина Кавадарци - Локална самоуправа да ги плати во истиот рок, на жиро сметка на полномошникот на противниците.

**3.** Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.45/24.

**4.** Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.45/24 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Кавадарци”.

**Бр.08-3324/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.94/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.94/24 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3471/14**
**29.05.2024 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 42-та седница, одржана на ден 27.05.2024година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.94/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.94/24, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.94/24 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште и тоа:

-дел од кп.бр.7643/1 м.в.,,Мишо Шкартов'' култура гз со новоформираната кп.бр.7643/3 во површина од 310 м2 и новоформирана кп.бр.7643/5 во површина од 399 м2 со право на сопственост Паракеов Лазар од Кавадарци со адреса на живеење на ул.,,12-те Другари'' бр.15 по имотен лист бр.1710 КО Кавадарци вон град издаден од Агенцијата за катастар на недвижности со деловоден број 1105-10242/2023 од 31.08.2023 година согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-129 од 28.09.2024 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради градење на објект за општа употреба – дел од улица ,,Желковец" и дел од улица ,, Мишо Шкартов" предвидена со ДУП за ,,Коњски дупки" 2000-2005 согласно Геодетски елаборат заведен со деловоден број 0801/170/23-3 од 03.11.2023 година, изработен од ДГР„ГЕО- КОМПАС" ДООЕЛ Скопје за дел од улица ,,Желковец" и дел од улица ,,Мишо Шкартов" за кп.бр.7643/1 КО Кавадарци вон град и

- на кп.бр.1488/4 м.в.,,Катунишка Река" култура гз во површина од 359м2 и дел од кп.бр. 1488/1 м.в.,,Катунишка Река" култура ш со новоформирана кп.бр.1488/5 во површина од 24м2 КО Ваташасо право на сопственост Паракеов Лазар од Кавадарци со адреса на живеење на ул.,,12-те Другари'' бр.15 по имотен лист бр.2612 КО Ваташа издаден од Агенцијата за катастар на недвижности со деловоден број 1105-10838/2023 од 19.08.2023 година согласно Решение за експропријација Екс.бр.30-11 од 23.02.2024 година донесено од страна на

Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради градење на објект од општа употреба – пешачка патека локалитет Моклиште КО Ваташа, предвидена по измена и дополна на проект за инфраструктура за регулација и уредување на речно корито на река ,,Луда Мара", КО Ваташа и КО Кавадарци согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци за експропријација на цела кп 1488/4, дел од кп 2246/3, дел од кп 2253/2 и дел од кп 1488/1 во КО Ваташа со деловоден број 0801/129/23-3 од 04.01.2024 година, изработен од ДГР„ГЕО- КОМПАС" ДООЕЛ Скопје

2.Страните на Судската Спогодба се согласни предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникот Паракеов Лазар од Кавадарци со адреса на живеење на ул.,,12-те Другари'' бр.15 вкупен износ од 1.154.724,00 денари и тоа :

- за експроприраното земјиште од точка 1 алинеја 1 на оваа спогодба, износ од по 1.230 ден./м2 односно за 709 м2 надоместок во износ од 872.070,00 денари и

- за експроприраното земјиште од точка 1 алинеја 2 на оваа спогодба, износ од по 738ден./м2 односно за 383 м2 надоместок во износ од 282.654,00 денари,

како и процесни трошоци во износ од 21.840,00 денари согласно тарифа за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, согласно доставен трошковник.

3. Противниците се согласни надоместокот во вкупен износ од 1.154.724,00 денари предлагачот - општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати најдоцна во рок од 6 (шест) месеци од денот на потпишувањето на Судската Спогодба на трансакциска сметка на противникот а процесните трошоци во износ од 21.840,00 денари предлагачот Општина Кавадарци -

Локална самоуправа да ги плати во истиот рок, на жиро сметка на полномошникот на противникот.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.94/24.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.94/24 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кавадарци".

**Бр.08-3324/ 14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.83/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.83/24 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-3471/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 42-та седница, одржана на ден 27.05.2024година, донесе

**ОДЛУКА**

**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.83/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.83/24, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.83/24 за определување на надоместок за експроприрано земјиштекп.бр.5350/1 м.в.„Домовица“ култура гз во површина од 406 м2и кп.бр.5350/9 во површина од 540 м2 со право на сосопственост од ¼ на Јованка Костадинова од Кавадарци ул.„1 ви Мај“бр.4, ¼ на Милица Коцева од Кавадарци ул.„Ленинова“бр.13 и 2/4 на Фроса Атанасова од Кавадарци ул.„Младост“бр.13 по Имотен лист бр.1886 КО Кавадарци вон град,согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-103 од 14.11.2023 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради градење на објект за општа употреба - дел од улица ,,Дончо Лазаров“, ул.„Васо Зарков“, и ул.„Александар Станоев“, предвидени со ДУП за УБ 2К УЕ„Рајко Жинзифов - Домовица“ согласноГеодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за реализација на урбанистички пла нумерички податоци во КО Кавадарци вон град со деловоден број 0801-105/2022 од 06.06.2022 изработен од ДГРИ„ГЕОДАТА ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ Кавадарци.

2. Странките на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – општина Кавадарци – Локална самоуправа на име надомест да им исплати на противницитеизнос од 1.230,00 ден./м2 односно за површина од 946 м2 надоместок во вкупен износ од 1.163.580,00 денарииили за секој противник сразмерно на сосопственичкиот дел и тоа на Јованка Костадинова износ од 290.895,00 денари за ¼ идеален дел, на Милица Коцева износ од 290.895,00 денари за ¼ идеален дел и на Фроса Атанасова износ од 581.790,00 денари за 2/4 идеален дел, какои трошоци на постапката во вкупен износ од 23.806,00 денарисогласно доставени трошковници.

3. Противниците се согласни надоместокот во вкупен износ од 1.163.580,00денари предлагачот - општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати најдоцна 3 месеци од денот на склучување на судската спогодба на трансакциска сметка на противниците,а трошоците на постапката во вкупен износ од 23.806,00денари на жиро сметка на адвокатите на противниците во истиот рок од кои износ од 12.886,00 денари на адвокат Илија Чекоров од Кавадарци и износ од 10.920,00 денари на адвокат Милица Коцева од Кавадарци.

**3.** Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.83/24.

**4.** Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.83/24 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кавадарци".

**Бр.08-3324/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.36/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.36/24 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-3471/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 42-та седница, одржана на ден 27.05.2024година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.36/24 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.36/24, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.36/24 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиштедел од кп.бр.7007 м.в.„Турски гробишта" култура н со новоформирана кп.бр.7007/2 во површина од 66 м2 со право на заедничка сопственост на Колева Божана од Кавадарци ул.„Неретва"бр.9 Наков Александар од Кавадарци ул.„Ќиро Спанџов"бр.91, Наков Перо од Кавадарци ул.„Ќиро Спанџов"бр.91, Наков Мирослав од Кавадарци ул.„Единство"бр.1-А и Темелков Бошко од Скопје ул.„В.Влаховиќ"бр.23/7 по Имотен лист бр.4534 КО Кавадарци, согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-108 од 30.08.2023 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради градење на објект за општа употреба – за дел од улица „Лазо Асијата" предвиденасо ДУП за УЕ "Лазо Асијата" 2001 – 2006согласно Геодетски елаборат за посебни намени за реализација на урбанистички план нумерички податоци во КО Кавадарци град со деловоден број 0801-214/2022 од 18.01.2022 година изработен од „Геодата Инжинеринг" ДООЕЛ Кавадарци.

Бидејќи со Решение на Основен суд Кавадарци ВПП.бр.36/24 од 22.04.2024 година, предлогот за определување на надоместок за експроприрано земјиште за противникот Бошко Темелков од Скопје се отфрла, странка на оваа спогодба не е само противникот - Бошко Темелков.

2. Странките на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да им исплати на противниците износ од 1.230,00 ден./м2 односно за 52,8 м2 надоместок во вкупен износ од 64.944,00 денарии трошоци на постапката во износ од 32.760,00 денарисогласно доставен трошковник.

3. Противницитесе согласнинадоместокот во вкупен износ од 64.944,00 денарипредлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати најдоцна во рок од 6 месеци од денот на потпишувањето на Судската Спогодба на трансакциска сметка на противниците а трошоците на постапката во износ од 32.760,00 денари на жиро сметка на адвокатот на противникот Неда Гулабоска од Кавадарци во истиот рок.

**3.** Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.36/24.

**4.** Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.36/24 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3324/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање**
**Согласност за судско порамнување**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање Согласност за судско порамнување, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-3471/17** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02), а во врска со член 307 од Законот за парнична постапка ("Сл.весник на РМ" бр.79/05 ...124/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 42-та седница, одржана на ден 27.05.2024 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање Согласност за судско порамнување**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава Согласност за склучување Судско порамнување за предметот кој пред Основен суд Кавадарци се води под бр. МАЛВ.П.бр.30/2024 каде како тужител се јавува Доне Димитријоски од Кавадарци, преку законски застапник Митко Димитријоски од Кавадарци, со адреса на живеење на ул.Битолска бр.6, Кавадарци, со ЕМБГ 0503977483028 преку полномошник Адвокат Владимир Вељанов од Велес, а како тужени Општина Кавадарци, застапувана од Градоначалникот Д-р Митко Јанчев од Кавадарци и Јавното Претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, застапувано од законскиот застапник Гоце Ангеловски, на име надомест на нематеријална штета, во вкупен износ од 100.000,00 денари.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, преку полномошник-адвокат, да постигне спогодба и да склучи судско порамнување со следната содржина:

**С У Д С К О   П О Р А М Н У В А Њ Е**

1.Тужителот преку полномошник Адвокат Владимир Вељанов од Велес го повлекува и се откажува од дел од тужбеното барање на име побарување на нематеријална штета за износ од 50.000,00 денари со кое тужените се задолжуваат солидарно да исплатат справедлив паричен надомест на тужителот, а останува за остатокот на тужбено барање во износ од 50.000,00 денари.

2.Тужените Општина Кавадарци и Јавно Претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, СОГЛАСНИ СЕ со вака прецизираното тужбено барање за износ од 50.000,00 денари на тужителот по основ на справедлив паричен надомест за претрпена нематеријална штета и истовремено потврдуваат дека СЕ СОГЛАСНИ солидарно, во рок од 15 дена сметано од денот на заклучувањето на ова судско порамнување, на име нематеријална штета на тужителот да му исплатат вкупен износ од 50.000,00 денари, зголемен за износот на трошоците на постапката во вкупен износ од 19.725,00 денари и тоа: за состав на тужба 3.900,00 денари зголемена за второтужен од 25% односно вкупен износ од 4.875,00 денари, за присуство на 1 рочиште износ од 4.680,00 денари зголемен за второтужен од 25% износ од 5.850,00 денари, за судска такса за тужба износ од 2.000,00 денари, за вешт наод и мислење износ од 7.000,00 денари. Исплата да се изврши на начин што вкупниот износ од 69.725,00 денари на име надомест за нематеријална штета и трошоци да се плати на сметка на законскиот застапник на тужителот - Митко Димитријовски со сметка бр.300-0471163532-36 во Комерцијална банка АД Скопје.

Судската такса за судското порамнување ќе ја платат тужените по пола согласно задолжение на судот.

3. Ова судско порамнување го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под МАЛВ.П.бр.30/2024, па

двете страни потврдуваат дека повеќе немаат никакви взаемни побарувања или долгувања по основ на штетниот настан предмет на овој спор.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-3324/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2024 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

